**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 09-28/2

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр.145/10 и 136/11), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: Чедомир Краљевски - Претседател и Благој Чурлинов и Насер Жарку – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност против Друштво за производство, трговија и услуги Орион увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, застапувано од Славиша Плечиќ - управител, Друштво за услуги трговија и производство Сигнал-М ДООЕЛ увоз-извоз Струмица застапувано од Ѓорѓи Аризанов - управител, Друштво за производство трговија услуги и авто школа ТТ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица застапувано од Киро Јанев - управител и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица со авто школа и услуги Орион-НН ДООЕЛ Струмица застапувано од Славиша Плечиќ – управител, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 11.11.2013 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека Друштвото за производство, трговија и услуги **Орион увоз - извоз ДООЕЛ** Струмица, ул. Ленинова бр.26 Струмица со матичен број 4194624 и единствен даночен број 4027990105995, застапувано од Славиша Плечиќ - управител, Друштвото за услуги трговија и производство **Сигнал - М ДООЕЛ** увоз-извоз Струмица, ул. 24-ти Октомври бр.34 Струмица, со матичен број 05766605 и единствен даночен број 4027003137376, застапувано од Ѓорѓи Аризанов – управител, Друштвото за производство трговија услуги и авто школа **ТТ ДООЕЛ** увоз-извоз Струмица, ул. Ленинова бр.1/1-4 Струмица, со матичен број 5878853 и единствен даночен број 4027004140974, застапувано од Киро Јанев - управител и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица со авто школа и услуги **Орион - НН** ДООЕЛ Струмица, ул. Ленинова бр.26 Струмица со матичен број 5838894 и единствен даночен број 4027004139631 застапувано од Славиша Плечиќ - управител, во периодот од 27.05.2006 година до 31.12.2010 година, на територијата на општина Струмица, учествувале во усогласено однесување со кое ја нарушиле конкуренцијата, на начин што се придржувале кон, односно применувале исти цени за обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, по претходно меѓусебно усогласување на истите, со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата - обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, при што искористувајќи исти прилики или други слични околности, сториле повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) во смисла на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр.145/10 и 136/11) и член 27 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ" бр.62/06 и бр.51/11).

2. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение, на сторителите:

- Друштвото за услуги трговија и производство **Сигнал-М ДООЕЛ** увоз-извоз Струмица му се изрекува **глоба во износ од 92.250,оо денари што претставува 3,33%** од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2012 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка;

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

– Друштвото за производство трговија услуги и авто школа **ТТ ДООЕЛ** увоз-извоз Струмица му се изрекува **глоба во износ од 116.850,оо денари што претставува 3,54% од** вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2012 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка;

– Трговското друштво за вработување на инвалидни лица со авто школа и услуги **Орион-НН** ДООЕЛ Струмица му се изрекува **глоба во износ од 9.200,оо денари што претставува 0,42% од** вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2012 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

- Друштвото за производство, трговија и услуги **Орион увоз-извоз ДООЕЛ** Струмица му се утврдува глоба во износ од 2.400,оо денари, но истата **не му се изрекува**, бидејќи вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2009 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка изнесува 0 денари.

3. Глобата од точка 2 од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст КОП) со Заклучок бр. 09-9/1 од 26.05.2011 година поведе прекршочна постапка по службена должност против Друштвото за производство, трговија и услуги Орион увоз-извоз ДООЕЛ Струмица (во понатамошниот текст: Орион), Друштвото за услуги трговија и производство Сигнал-М ДООЕЛ увоз-извоз Струмица (во понатамошниот текст: Сигнал-М), Друштвото за производство трговија услуги и авто школа ТТ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица (во понатамошниот текст: ТТ ДООЕЛ) и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица со авто школа и услуги Орион-НН ДООЕЛ Струмица (во понатамошниот текст: Орион-НН), заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) во смисла на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со горенаведениот заклучок за поведување прекршочна постапка од Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион НН беше побарано доставување на податоци за одлуки и ценовници со кои е утврдена висината на цената на услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа од 2006 година до денот на доставување на заклучокот; годишни приходи остварени од давањето на услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, за периодот од 2005 година до денот на доставување на заклучокот; Биланс на успех за 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година и податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и депонент-банка.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со допис бр. 09-9/2 од 09.06.2011 година ТТ ДООЕЛ ги достави бараните податоци.
Со допис бр. 09-9/3 од 14.06.2011 година Сигнал-М ги достави бараните податоци.
Со допис бр.09-9/6 од 09.08.2011 година ОРИОН-НН ги достави достави бараните податоци.
Со допис бр.09-9/7 од 11.08.2011 година од Централниот Регистар беа побарани биланси на успех за Орион за 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година.
Со допис бр.09-9/8 од 18.08.2011 година од Централниот Регистар беа доставени биланси на успех за Орион за 2005, 2006, 2007, 2008, 2009 и 2010 година.

Согласно член 42 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП со допис бр.09-9/9 од 23.09.2011 година до Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион НН достави прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр.09-9/10 од 10.10.2011 година ТТ ДООЕЛ се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис бр.09-9/11 од 10.10.2011 година Сигнал-М се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис бр.09-9/12 од 17.10.2011 година Орион НН се произнесе по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба.

Согласно член 42 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП со допис бр.09-7/1 од 14.02.2012 година до Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион НН достави конечно известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис бр.09-7/2 од 28.02.2012 година ТТ ДООЕЛ се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.
Со допис бр.09-7/3 од 28.02.2012 година Сигнал-М се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба.

По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, како и врз основа на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата број 08-22/11 од 12.11.2010 година, КОП донесе решение бр.09-7/4 од 29.02.2012 година. Против наведеното решение Орион НН и Сигнал-М, како ТТ ДООЕЛ поднесоа тужби за поведување на управен спор. Управниот суд на РМ постапувајќи по тужбата на ТТ ДООЕЛ, со пресуда Упр.бр.909/2012 од 25.10.2012 година, истата ја уважи, а решението на КОП бр.09-7/4 од 29.02.2012 година го поништи. Исто така, Управниот суд на РМ со решение Упр.бр. 883/2012 од 23.05.2013 година тужбата на Орион НН и Сигнал-М ја отфрли.

КОП и при носењето на сега поништеното решение и во повторната постапка внимава на својата надлежност за постапување во предметната прекршочна постапка.

Имено, по барање на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 09-25/1 од 24.01.2011, за тоа кој орган ( дали редовните судови или Комисијата за заштита на конкуренцијата како прекршочен орган) од 03.03.2007 година е надлежен за водење на прекршочна постапка и изрекување прекршочни санкции за прекршоците предвидени во Законот за заштита на конкуренцијата, а сторени пред 03.03.2007 година и за кои сеуште не настапила застареност во однос на поведувањето и водењето на прекршочна постапка, Врховниот Суд на РМ достави Мислење бр.03-1463/011 од 17.01.2011 година, во кое е наведено дека

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*"...по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр.22/07), единствено надлежен орган за поведување на прекршочна постапка како и за изрекување прекршочни санкции за прекршоците предвидени во Законот за заштита на конкуренцијата е Комисијата за заштита на конкуренцијата".*

Оттука, Комисијата за заштита на конкуренцијата преку КОП е надлежна за водење на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција за сите прекршоци предвидени со Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07) во однос на кои претходно не е донесена правосилна одлука и во однос на кои се уште не настапила застареност за поведувањето и водењето на прекршочната постапка.

Во повторната постапка, постапувајќи согласно напатствијата на Управен суд наведени во Пресудата Упр.бр.909/2012 од 25.10.2012 година, КОП ја утврди следната фактичка состојба:

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решението бр. 08-22/11 од 12.11.2010 година во управна постапка утврдуви дека Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион НН, учествувале во забранет договор и/или договорена практика на начин што одлуките и ценовниците кои ги донеле, а во кои се утврдени цените за обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, претходно меѓусебно ги усогласиле со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа на територијата на општина Струмица со што сториле повреда од член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05; 70/06 и 22/07).

Согласно 47 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05; 70/06 и 22/07), учеството на претпријатија во договорена практика со која се спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од истиот закон, претставува прекршок, за кој е пропишана глоба во износ до 10 % од вредноста на вкупниот годишен приход на претпријатието, остварен во деловната година што претходи на годината во која е сторен прекршокот.

Согласно член 7 став 1 точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05; 70/06 и 22/07) *Забранети се сите договори склучени помеѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и договорена практика чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или проджните цени или некои други услови за тргување.*

Согласно 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10 и 136/2011), учеството на претпријатија во усогласено однесување со кое се спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата (нарушува конкуренцијата) во смисла на член 7 од истиот закон, претставува прекршок, за кој е пропишана глоба во износ до 10 % од вредноста на вкупниот годишен приход на претпријатието, остварен во последната деловната година за која претпријатието има составено годишна сметка.

Согласно член 7 став 1 точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10 и 136/2011) *Забранети се сите договори склучени помеѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и*

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


*усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување.*

Согласно член 2 став (1) од Законот за прекршоците ("Службен весник на РМ„ бр. 60/2006 и 51/2011), при водењето на прекршочна постапка, за прекршокот и прекршочната одговорност сообразно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот Законик. Согласно член 3 од Кривичниот Законик ("Службен весник на РМ„ бр. 37/96,80/99, 4/2002, 43/2003, 9/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008,139/2008 ,114/2009 и 51/2011), врз сторителот на кривично дело се применува законот што важел во времето на извршувањето на кривичното дело. Ако по извршувањето на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

Во конкретниот случај, во времето на сторување на прекршокот во периодот од 27.05.2006 година (како ден на влегување во сила на Законот за прекршоците) до 13.10.2010 година важел Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 04/05, 70/06 и 22/07), додека во периодот од 13.10.2010 до 31.12.2010 година важи Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 145/10).

Со оглед на фактот што материјалните одредби на Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр.145/2010 и 136/2011) се поблаги за претпријатието кое учествувало во усогласено одесување во споредба со оние содржани во Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр. 04/05, 70/06 и 22/07), бидејќи во Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр.145/2010 и 136/2011) во членот 65 - ослободување или намалување на глобата (leniency), се пропишува можност за сторителот на прекршокот од член 59 став (1) точка 1), по барање на сторителот на прекршокот кој го признал учеството во картелот, КОП да определи целосно ослободување или намалување од глобата која по правило треба да му се изрече на сторителот, што во конкретниот случај овој закон го прави поблаг закон во однос на стариот закон.

Согласно член 5 став (1) алинеа 11 од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ„ бр.145/2010 и 136/2011) – "Картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или анти-конкурентско однесување насочено спрема други претпријатија-конкуренти на учесниците во картелот.

Оттука, КОП во предметната постапка го применува Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ" бр.145/10 и 136/11) како поблаг закон.

Согласно Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ" бр.145/10 и 136/11), „усогласено однесување" е координирање на однесувањето помеѓу две или повеќе претпријатија како резултат на што, и без склучување на договор, доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија што цел или последица е да се

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

влијае на однесувањето на релевантниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите

Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) „договорена практика“ е состојба каде не мора однапред да постои правно полноважен договор или одлука во писмена форма, туку е доволно склучувањето да се оствари премолчно.

Од наведеното јасно произлегува дека концептот на договорена практика е ист со концептот на усогласено однесување бедејќи според двата концепти самото однесување може да биде доказ при што доволно е претпријатијата само да ја изразиле својата заедничка намера да се однесуваат на пазарот на одреден начин. Имено, целта на член 7 и во стариот и во новиот закон е да се опфатат формите на соработка помеѓу претпријатијата со кои, и без постигнување на стадиум на потпишување на формален договор, претпријатијата свесно ја замениле состојбата на конкуренција со меѓусебна практична соработка, односно кога тие се придржуваат до заедничко однесување кое го ограничува или постои веројатност да го ограничи нивното индивидуално однесување, преку одредување на границите на нивното заедничко дејствување или воздржување од дејствување на пазарот.

Секое претпријатие мора самостојно да ја одредува својата комерцијална политика која има намера да ја спроведе на пазарот. Иако ова барање за независност не го ускратува правото на претпријатијата свесно да се приспособуваат на постојното или предвиденото однесување на нивните конкуренти, тоа стриктно забранува било какви директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија цел или последица е било да влијаат врз пазарното однесување на постоен или потенцијален конкурент или да му го откријат на конкурентот своето идно однесување на пазарот.

Законот за заштита на конкуренцијата изрично забранува претпријатијата да учествуваат во усогласено однесување, со кои директно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото однесување на учесниците на пазарот во однос на еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносат ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, усогласеното однесување има за цел нарушување на конкуренцијата и истото не може да биде оправдано ниту да биде предмет на групно или поединечно изземање и претставува една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата.

Во Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата број 08-22/11 од 12.11.2010 година е утврдено дека авто школите Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион - НН сите од Струмица на состанок договориле нова цена за услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа која требало да важи од 01.03.2006 година и тоа 13.900 ден. за плаќање на рати и 12.600 денари за плаќање во готово. На оваа цена кандидатите плаќале плус 300 денари за пробен тест. Оваа цена повеќето авто школи не ја почитувале па имало уште еден состанок на 18.04.2006 година на кој сите ја прифатиле цената од 11.900 ден. за плаќање на рати и 10.700 ден. за плаќање во готово, која цена наведените авто школи ја наплатувале.

Наведените цени Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион - НН сите од Струмица продолжиле да ги наплатувале до 31.12.2010 година, видно од дописот бр.09-9/2 од 09.06.2011 година доставен од ТТ ДООЕЛ, дописот бр.09-9/3 од 14.06.2011 година доставен од Сигнал - М

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел.(02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

и дописот бр.09-9/6 од 09.08.2011 година доставен од Орион НН, во кој ја информираат КОП дека истите утврдиле нови цени за услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа со важност од 01.01.2011 година, а кои цени меѓусебно се разликуваат.

Во управното решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата број 08-22/11 од 12.11.2010 година е утврдено дека повредата од членот 7 од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) траела од 01.03.2006 година до денот на донесување на истото решение.

Согласно член 56 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) одредбите од членовите 47 и 48 на овој закон ќе се применуваат од денот на влегување во сила на Законот за прекршоците.

Оттука, во прекршочната постапка КОП како почеток на времетраење на прекршокот го зема 27.05.2006 година (како ден на влегување во сила на Законот за прекршоците) па се до 31.12.2010 година (како ден кога наведните претпријатија донеле нови, различни цени).

Врз основа на сето горе наведено, КОП утврди дека Орион, Сигнал-М, ТТ ДООЕЛ и Орион НН во периодот од 27.05.2006 година (како ден на влегување во сила на Законот за прекршоците) до 31.12.2010 година (како ден кога наведните претпријатија донеле нови, различни цени), на територијата на општина Струмица, учествувале во усогласено однесување со кое ја нарушиле конкуренцијата, на начин што се придржувале кон, односно применувале исти цени за обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, по претходно меѓусебно усогласување на истите, со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата - обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, при што искористувајќи исти прилики или други слични околности, сториле повеќе временски поврзани дејствија што претставува повеќекратно остварување на прекршок од член 59 став (1) точка 1) во смисла на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр.145/2010 и 136/2011) и член 27 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.62/06 и бр.51/11).

Согласно член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение му изрекува глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во забранет договор, одлука или усогласено однесување со кое се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

КОП при одмерување на глобата, согласно член 64 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно член 64 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Согласно член 64 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата износот на глобата се прилагодува со земање во предвид на олеснителни или отежнителни околности.

Дополнително при одмерувањето на висината на глобата КОП се раководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

Во конкретниот случај, КОП при утврдувањто на висината на глобата, зема во предвид дека станува збор за најтежок прекршок – усогласено однесување (директно фиксирање на продажни цени), дека истиот траел повеќе години и тоа од 2006 до 2010 година, и дека прекршокот е сторен на дел од теритотијата на Република Македонија односно само на територија на општина Струмица, како и степенот на нарушеност на конкуренцијата - цените биле исти како резултат на усогласено однесување, а цената како параметар на конкуренцијата била исклучена со што последиците предизвикани од прекршокот директно ги почуствувале крајните корисници преку плаќање на цени кои не биле донесени самостојно и независно во конкурентски процес.

При утврдување на основниот износ на глобата КОП тргнува од вкупно остварените приходи остварени од давањето на услугата - обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа, како дејност која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот, во 2010 година, како последна целосна деловна година во која сторителите на прекршокот учесвувале во истиот согласно член 64 став (3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Вкупните приходи на Сигнал-М во 2010 година, остварени со давање на услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа изнесуваат 1.841.236 денари, додека вкупно остварените приходи на Сигнал-М согласно билансот на успех во 2012 година како последна деловна година за која претпријстието има составено годишна сметка изнесуваат 2.772.144 денари.

Вкупните приходи на ТТ ДООЕЛ во 2010 година, остварени со давање на услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа изнесуваат 1.423.254 денари, додека вкупно остварените приходи на ТТ ДООЕЛ согласно билансот на успех во 2012 година како последна деловна година за која претпријстието има составено годишна сметка изнесуваат 3.296.525 денари.

Вкупните приходи на Орион НН во 2010 година, остварени со давање на услугата обука на кандидати за полагање на возачки испит за „Б„ категорија во авто школа изнесуваат 139.000 денари, додека вкупно остварените приходи на Орион НН согласно билансот на успех во во 2012 година како последна деловна година за која претпријстието има составено годишна сметка изнесуваат 2.179.125 денари.

Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Орион во 2009 и 2010 година нема остварено никакви приходи видно од дописот бр.09-9/8 од 18.08.2011 година од Централниот регистар на РМ. Оттука, КОП при утврдување на износот на глобата ги зема во предвид приходите остварени во 2008 година како последна деловна година, за која претпријатието има остварено приходи во составената годишна сметка, а кои приходи изнесуваат 160.000 денари.

КОП при утврдување на износот на глобата на ТТ ДООЕЛ ги ценеше наводите изнесени во дописот бр.09-7/2 од 28.02.2012 година со кој ТТ ДООЕЛ се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба, во кој истиот бара изземање од глобата со образложение дека глобата од 117.000 денари ќе предизвика големи проблеми и ќе ја доведе во прашање егзистенцијата на фирмата.

КОП не го прифати ваквото барање за изземање од глобата на ТТ ДООЕЛ, бидејќи согласно член 64 став (9) од Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок може, по барање на сторителот на прекршок, а при одмерувањето на глобата, да ја земе во предвид неговата платежна неспособност, во посебен социјален и економски контекст. До намалување на глобата од оваа причина не може да дојде доколку се работи за финансиски загуби на сторителот на прекршокот, сторени со цел избегнување на плаќање на глоба. До намалување на глобата може да дојде единствено доколку сторителот приложи доказ дека глобата одмерена согласно со одредбите од овој член би ја загрозила економската способност на сторителот и би предизвикала неговиот имот да ја изгуби својата вредност.

Во конкретниот случај ТТ ДООЕЛ не достави доказ дека глобата одмерена согласно со одредбите од член 64 од Законот за заштита на конкуренцијата би ја загрозила економската способност на сторителот и би предизвикала неговиот имот да ја изгуби својата вредност.Дополнително податоците од билансот на успех на ТТ ДООЕЛ за 2010 година неспорно покажуваат дека изречената глоба од 116.850,оо денари нема да ја загрози економската способност на сторителот, а пред се имајќи го во предвид фактот дека во 2010 година, 2011 и 2012 година ТТ ДООЕЛ остварувал добивка во своето работење и истиот не се наоѓа во тешка финансиска состојба и одмерена согласно со одредбите од Законот нема да ја загрозат економската способност на сторителот до степен истата да предизвика неговиот имот да ја изгуби својата вредност.

КОП при утврдување на износот на глобата ги ценеше наводите изнесени во дописот бр.09-7/3 од 28.02.2012 година со кој Сигнал - М се произнесе по конечното известување за утврдена фактичка состојба и истите не ги прифати.

Врз основа на горенаведеното, КОП утврди дека износот на глобата на сторителите на прекршокот е следниот и тоа на:

- Сигнал-М **за сторен прекршок на член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 92.250,оо денари што претставува 3.33% од** вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2012 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка;

- ТТ ДООЕЛ **за сторен прекршок на член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 116.850,оо денари што претставува 3.54% од** вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2012 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка;

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Ул. Свети Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk**

- Орион НН **за сторен прекршок на член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 9.200,оо денари што претставува 0,42%** од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2012 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

- Орион **за сторен прекршок на член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 2.400,оо денари, но имајќи го во предвид** член 59 од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно кој КОП на претпријатието, со решение му изрекува глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието има составена годишна сметка, како и фактот дека во 2009 година, како последна деловна година за која Орион има составено годишна сметка, вкупниот годишен приходи на Орион изнесуваат 0 денари **на истиот не му се изрекува глоба.**

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на решението. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК СКОПЈЕ